Република Северна Македонија
Општина Штип
УП1Бр. 18/26-170
16.10.2026 година
Ш т и п

Градоначалникот на Општина Штип, решавајќи по барањето за одобрување на Планска програма за изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план со плански опфат за дел од УЕ СИ 07.08 од Генерален урбанистички план на Штип, Општина Штип, поднесена преку систем на е – урбанизам, со број на постапка: 81250 и датум на креирање 19.06.2026год. и изработена од страна на Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци со ТЕХ БР. 4125 од јуни 2026 година, а врз основа на член 58 и член 62 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26); и Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 87/26 и 30/26) го издава следнато:

Р Е Ш Е Н И Е З А О Д О Б Р У В А Њ Е

НА

Планска програма за изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план со плански опфат за дел од УЕ СИ 07.08 од Генерален урбанистички план на Штип, Општина Штип

СЕ ОДОБРУВА: Планска програма за изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план со плански опфат за дел од УЕ СИ 07.08 од Генерален урбанистички план на Штип, Општина Штип

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Општина Штип постапи по поднесено барање за одобрување Планска програма за изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план со плански опфат за дел од УЕ СИ 07.08 од Генерален урбанистички план на Штип, Општина Штип, заведено со Наш УП1бр. 18/26-170 од 30.06.2026год. изработена од Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци со ТЕХ БР. 4125 од јуни 2026 година, поднесена преку информатичкиот систем е урбанизам, постапка бр: 81250.

Во постапката се приложени следните документации:

- Барање за одобрување
- Планска програма
- Ажурирана геодетска подлога
- Изводи од ДУП и ГУП

По прием на барањето, согласно член 58 и член 62 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26) и Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 87/26 и 30/26), Комисијата за урбанизам, формирана со Решение за формирање и именување на членови на Комисија за урбанизам на Општина Штип од Градоначалникот на Општина Штип, спроведе дејствија и утврди дека изработка на Планска програма за изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план со плански опфат за дел од УЕ СИ 07.08 од Генерален урбанистички план на Штип, Општина Штип, заведено со Наш УП1бр. 18/26-170 од 30.06.2026год. изработена од Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци со ТЕХ БР. 4125 од јуни 2026 година, по изложување на планската програма на официјален сајт на Општина Штип (https://stip.gov.mk/urbanisticki-planovi-i-proekti-vo-postapka/), е изработена согласно законските прописи од областа на урбанистичкото планирање. Истото се потврдува со обезбедено позитивно мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Штип и предлог за одобрување на планска програма.

Градоначалникот на Општина Штип, врз основа на приложената документација во информацискиот систем е-урбанизам, а согласно на член 58 и член 62 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26) и Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 87/26 и 30/26), одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Изработил:
Дипл.инж.арх. Драгана Штерјова
Контролирал: Раководител на одделение за урбанизам,
градежништво, станбени работи и заштита на животната средина,
Дипл.инж.арх. Душица Узунова

Одобрил: Секретар на Општина Штип:
Вишна Шорова-Ангелова

ОПШТИНА ШТИП
Градоначалник,
Иван Јорданов